# УПАТСТВО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА ЗА

# АУКЦИЈА НА ПРЕКУГРАНИЧНИ КАПАЦИТЕТИ

**2012 година**

**СОДРЖИНА**


1. Право на учество на аукција на прекугранични преносни капацитети
2. Добивање на корисничко име, лозинка и дигитален сертификат на токен
3. Што да направите ако го загубите токенот
4. Изјава на корисниците на дигитален сертификат

1. **Право на учество на аукција на прекугранични преносни капацитети**

АД МЕПСО набави апликација за електронска аукција на прекугранични капацитети и е во фаза на промена на процедурата за изведување на аукција.

Во Аукција на прекугранични капацитети можат да учествуваат сите трговци кои имаат потпишано со АД МЕПСО “**ДОГОВОР ЗА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИОТ ПРЕНОСЕН КАПАЦИТЕТ НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИТЕ ВРСКИ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” (кој се однесува на Годишната аукција) и/или** “**ДОГОВОР ЗА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИ ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИТЕ ВРСКИ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” (кој се однесува на Месечните и Неделните аукции)**

2. **Добивање на корисничко име, лозинка и дигитален сертификат на токен**

Секој трговец кој има потпишано со АД МЕПСО “**ДОГОВОР ЗА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИОТ ПРЕНОСЕН КАПАЦИТЕТ НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИТЕ ВРСКИ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” (кој се однесува на Годишната аукција) и/или** “**ДОГОВОР ЗА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИ ПРЕНОСНИ КАПАЦИТЕТИ НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИТЕ ВРСКИ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” (кој се однесува на Месечните и Неделните аукции)**, за да учествува на Електронска Аукција на прекугранични капацитети мора да добие „корисничко име“ , „лозинка“ и „дигитален сертификат на токен“. Гореспоменатите податоци се добиваат од одговорните за електронската аукција во АД МЕПСО со поднесување на:

- „Изјава“ од (Прилог 1) со потпис и печат од компанијата во 4 (четири) примероци (по два за секоја страна)

- Овластување од компанијата за потписникот на изјавата

- Документ за лична идентификација на увид

Напомена: При првото најавување на апликацијата на корисникот му се препорачува да си ја смени лозинката.

3. **Што да направите ако го загубите токенот**

Ако корисникот го изгуби токенот потребно е да го пријави на Администраторот на системот за да може да превземе активности да го деактивира сертификатот кој се наоѓа на токенот.

За да добие корисникот нов дигитален сертификат на токен потребно е да достави:

- Уплатница од 2.500,00 денари на следната денарска жиро сметка:
  - Охридска Банка АД
    530010100845304
- „Изјава“ од (Прилог 1) со потпис и печат од компанијата во 2 (два) примероци (по еден за секоја страна)
- Овластување од компанијата за потписникот на изјавата
- Документ за лична идентификација на увид

4. **Изјава на корисниците на дигитален сертификат**

# ИЗЈАВА

## за добивање на квалификуван дигитален сертификат за правни и физички лица, регистрирани за извршување дејност

А) [1]Податоци за правното лице кое го превзема сертификатот:

Правното лице

| | |
|---|---|
| Кусо име: | |
| Адреса : | |
| EIC код: | |
| Лице за контакт: | Телефонски број: |

Б) [2]Податоци за овластеното лице

| | |
|---|---|
| Име: | |
| Презиме: | Потпис: |

В)[3] Податоци за сертификатот

| | |
|---|---|
| Број на токен: | Важи до: |
| Корисничко име: | |
| Лозинка: | |
| Место и датум: | Потпис: |

Со потпишување на оваа Изјава, под полна морална, материјална и финансиска одговорност, изјавувам дека :

- превземав од овластените лица на АД МЕПСО 1(еден) токен со електронски сертификат, корисничко име и лозинка, како што е наведено во делот В).
- Токенот со електронски сертификат ќе го користам исклучиво за пристап на софтверот за аукција на прекугранични преносни капацитети на АД МЕПСО
- во случај на губење на токенот со електронски сертификат, ќе го пријавам губењето кај АД МЕПСО
- дека ги знам и се согласувам со правилата, условите и упатствата за аукција на прекугранични капацитети објавени од АД МЕПСО
- со својот потпис гарантирам за точноста на податоците, а со тоа и гарантирам дека ако настане промена на некој од податоците (кои би влијаеле во работата на издавачот на сертификати), навреме ќе ги известам одговорните лица во АД МЕПСО

Изјавата е напишана во 2 (два) примероци, од кои 1 (еден) за Учесникот и 1 (еден) за АД МЕПСО.

Датум: Потпис и печат:

[1] пополнува правното лице
[2] пополнува правното лице
[3] пополнува АД МЕПСО